<table>
<tr><th colspan="6">Предметна програма од втор циклус студии</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Глобална економија</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">ММ105/2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Меѓународен менаџмент 3+2</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Економски институт, Скопје,<br>УКИМ</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2023/2024</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС</td><td>10</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Силвана Мојсовска<br>проф. д-р Марија Ацковска</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Завршен прв циклус студии (180 кредити)</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):<br>Целта на студиската програма е да се обработат фундаменталните законитости на светското стопанство во целина, карактеристиките и меѓусебната испреплетеност на компонентите на светското стопанство што резултираат во паралелни процеси на интернационализација, регионализација и глобализација на светското стопанство. Временскиот период кој го покрива програмата се протега од појавата на капитализмот во 16-от век до денес, имајќи предвид дека процесот на глобализација е долгорочен, а изучувањето на долгорочните економски циклуси помага во осознавање на начинот на кој функционира светската економија и причините за појава на нееднаквост помеѓу државите. Посебен фокус е ставен на главните актери во процесот на глобализација - државите, пазарот и транснационалните компании, нивното индивидуално и взаемно дејствување. Опфатени се тековите на меѓународната трговија и светските директни инвестиции, како суштински аспекти на интегрираноста на националните економии во современото светско стопанство, а воедно се прави осврт на факторите кои ја детерминираат современата констелација на глобалната економија. Програмата вклучува и дискусија за улогата на транснационалните организации – Бретнвудските близнаци (ММФ и Светската Банка), Организацијата на Обединетите нации и другите меѓународни актери кои ја детерминираат меѓународната политичка економија, во функција на заокружување на потребните аспекти за разбирање на современите процеси во меѓународната политичка економија.<br><br>Оспособен за (компетенции):<br>Студентите ќе се запознаат со историскиот развој на светското стопанство, факторите што ги детерминирале разликите во економскиот развој на националните економии, како и долгорочните законитости на светскиот економски систем со што ќе се оспособат за разбирање на современите појави и процеси. Понатаму, ќе се здобијат со знаења за карактеристиките на меѓународниот трговски систем, тековите на странски директни инвестиции и факторите за интернационализација на производството, како и актерите во меѓународната економија, преку што ќе се оспособат за анализа и дискусија на улогата на државите, пазарите и транснационалните компании/транснационалните организации при креирањето на современиот економски поредок. Преку проучување на меѓународните економски институции – Меѓународниот Монетарен Фонд, Светската Банка и Светската трговска организација и презентирање на целите, структурата и мисијата на овие организации, студентите ќе ја осознаат нивната улога во меѓународните економски односи. Со усвојување на понудените содржини во рамките на предметната програма, студентите ќе се оспособат за разбирање и разликување на процесите на интернационализација, регионализација и глобализација на светското стопанство, нивната суштина и ефектите со што ќе имаат основа за критичко размислување во однос на тековните појави и долгорочни процеси во поглед на интеграцијата на светското стопанство.<br>- оспособени да го согледаат влијанието на секторските политики врз работењето и донесувањето на одлуки.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>1. Карактеристики на процесот на глобализација<br>2. Историски развој на светското стопанство<br>a. Појава на капитализмот<br>b. Економски циклуси<br>c. Фактори на економскиот развој<br>3. Меѓународен трговски систем<br>4. 4. Интернационализација на производството и СДИ<br>a. Теории за интернационализација на производството<br>b. Трендови на интернационализација на производството<br>c. Текови на СДИ во современото стопанство<br>5. Актери во глобалната економија<br>a. Држави<br>b. Пазари<br>c. Транснационални компании/транснационални организации<br>6. Меѓународни економски институции<br>a. Меѓународен монетарен фонд<br>b. Светска Банка<br>c. Светска Трговска Организација<br>d. Обединети нации<br>7. Економскиот поредок во услови на глобализација<br>a. Интернационализација, регионализација и глобализација на светското стопанство<br>b. Сиромаштија и нееднаквост во светското стопанство<br>c. Предизвици во современото светско стопанство</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење:<br>Предавања и интерактивна настава поддржана со компјутерски и видео презентации, надополнети со дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи и нивна јавна презентација и одбрана. Предвидени се и предавања на истакнати предавачи од пракса и консултации со студентите.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="3">15 недели<br>10 ЕКТС x 30 часови = 300 часови<br>Неделен фонд на часови (2+2)</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливо време</td><td colspan="3">12 недели + 3 недели консултации<br>30+30+240=300 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања-теоретска настава</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Семинарска работа</td><td>60 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи</td><td>80 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Домашно учење</td><td>100 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="5">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="3">Тестови</td><td>60 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="3">Семинарска работа/проект<br>(презентација: писмена и усна)</td><td>30 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="3">Активност и учество</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td colspan="2">до 61 бода</td><td colspan="2">5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 61 до 68 бода</td><td colspan="2">6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 69 до 76 бода</td><td colspan="2">7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 77 до 84 бода</td><td colspan="2">8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 85 до 92 бода</td><td colspan="2">9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 93 до100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="4">Редовност на настава и вежби, проектна задача</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="4">Македонски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="4">Механизми на интерна евалуација</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">ЛИТЕРАТУРА</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Мојсовска Силвана</td><td>Глобализација на светското стопанство</td><td>Економски институт (пакет материјали)</td><td>2009</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Кругман, Пол и Обстфелд, Морис</td><td>Меѓународна економија – Теорија и политика</td><td>Табернакул (превод од Влада)</td><td>2009</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Tom Piketty</td><td>Capital in the Twenty-First Century</td><td>Harvard University Press</td><td>2017</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Andreas Widerman</td><td>Indebted Societies</td><td>Cambridge University Press</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Andrew Vonnegut</td><td>Inside the Global Economy: A Practical Guide</td><td>Rowman & Littlefield</td><td>2018</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>World Trade Organization</td><td>World Trade Report 2021</td><td>WTO</td><td>2021</td></tr>
</table>